Република Северна Македонија
**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-49/1
__________ година
0?-01-2024

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ" бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–749/1 од 18.10.2023 година, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-749/1 од 18.10.2023 година, поднесена од [redacted] **поради ненадлежност.**

### О б р а з л о ж е н и е

На 18.10.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) [redacted] електронски преку интернет страната на Комисијата поднесе претставка за заштита од дискриминација. Подносителката на барање бр. 08-749/2 од Комисијата ја доуреди претставката согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација на 28.11.2023 година. Таа во претставката наведува дека заедно со нејзиниот сопруг и две малолетни деца на 15.05.2020 година до Министерството за внатрешни работи поднела барања за стекнување со државјанство на Република Северна Македонија согласно позитивните законски прописи. Следствено на тоа, до поднесување на претставката таа сѐ уште нема добиено никаков одговор, односно Министерството нема постапено и ја нема комплетирано постапката по барањето. Дополнително наведува дека се има обратено до Државниот управен инспекторат, од кој по спроведен вонреден инспекциски надзор добила известување дека нејзиното барање е доставено до Агенцијата за национална безбедност заради оперативни проверки. Оттука, подносителката истакнува дека таквото одолговлекување на постапката претставува прекршување на законскиот рок и води кон корупција и дискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од изнесените факти и околности во претставката утврди дека опишаниот настан се однесува на недоследности во спроведување на управна постапка, односно имплицира на евентуална повреда на правилата на постапката.

Имено, согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Додека согласно член 8 став 1 од истиот Закон, Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Оттука, конкретниот настан опишан во претставката не претставува и не индицира споредлива ситуација со друго лице или лица поврзана со одреден дискриминаторски основ во смисла на член 8 став 1 од горенаведениот Закон, по кој би постапувала Комисијата согласно своите законски надлежности.

За предметната работа е предвидено поведување на други видови на постапка, имено постапка пред Народниот правобранител согласно член 13, а во врска со член 2 став 1 од Законот за народниот правобранител („Службен весник на РМ“ бр. 60/2003, 143/2008, 114/2009, 181/2016, 189/2016 и 35/2018), како и тужба за поведување на управен спор во смисла на член 3 став 1 точка 2 од Законот за управни спорови („Службен весник на РСМ“ бр. 63/2019), согласно кој управниот суд одлучува за законитоста на пропуштањето на јавните органи да одлучат во законскиот рок за правата, обврските и правните интереси на тужителот (управен спор за молчење на администрацијата).

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
[redacted]
*- Архива на Комисијата*

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk